USAID
FROM THE AMERICAN PEOPLE

МАКЕДОНСКИ
ЦЕНТАР ЗА
МЕЃУНАРОДНА
СОРАБОТКА

# АНАЛИЗА НА РАБОТЕЊЕТО НА ДРЖАВНАТА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈА

FROM THE AMERICAN PEOPLE

МАКЕДОНСКИ
ЦЕНТАР ЗА
МЕЃУНАРОДНА
СОРАБОТКА

# АНАЛИЗА НА РАБОТЕЊЕТО НА ДРЖАВНАТА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈА

ТРАНСПАРЕНТНОСТ
МАКЕДОНИЈА
СКОПЈЕ

АНАЛИЗА НА РАБОТЕЊЕТО НА ДРЖАВНАТА КОМИСИЈА
ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈА

Издавачи:
Македонски центар за меѓународна соработка (МЦМС)
Транспаретност Македонија (ТМ)

За издавачот:
Александар Кржаловски, прв извршен директор, МЦМС
Димче Митрески, извршен директор, МЦМС
Ана Јаневска Делева, извршен директор, ТМ

Автор:
Мартин Дувњак (ЦИВИЛ – Центар за слобода)

Лектура:
Даниел Медароски

Дизајн:
Кома

ИСБН: 978-608-4681-50-2

МАКЕДОНСКИ ЦЕНТАР ЗА МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА
Контакт:
МЦМС, адреса: ул. Никола Парапунов бр. 41а
пошт. фах 55, 1060 Скопје;
тел.: +389/2/3065-381; факс: +389/2/3065-298
е-пошта: mcms@mcms. mk; веб-страница: www.mcms.mk.
Scribd: http://www.scribd.com/people/documents/2996697
SlideShare: http://www.slideshare.net/mcms_mk
Facebook: http://www.facebook.com/mcms.mk
Twitter: http://twitter. com/mcms_mk

Мислењата што се изразени овде им припаѓаат на авторите и не ги одразуваат ставовите на Македонскиот центар за меѓународна соработка.
Сите права се задржани. Репродуцирање, копирањето, трансмисијата или преводот на било кој дел од оваа публикација може да се изврши единствено под следните услови: со претходна дозвола на издавачот, заради цитирање во анализа на книгата и под услови изложени во продолжение.
Авторското право на оваа публикација е заштитено, но публикацијата може да се репродуцира на било кој начин без наплата единствено за едукативни намени. За копирање во други услови, за употреба во други публикации или пак за превод или адаптација, треба да се обезбеди претходна дозвола од издавачот.
Во електронска форма публикацијата е достапна на www.mcms.mk

Публикацијата е овозможена со поддршка од американскиот народ преку Агенцијата на САД за меѓународен развој (УСАИД) во рамките на Програмата на УСАИД за антикорупција. Содржината на публикацијата е одговорност на авторот Мартин Дувњак и не ги изразува ставовите на УСАИД или на Владата на Соединетите Американски Држави.

# СОДРЖИНА

Вовед ........................................................................................ 5

Државна комисија за спречување корупција ................................ 7

Афери од поново време . ......................................................... 12

Заклучок ................................................................................... 18

Профил на авторот ................................................................ 22

Библиографија ....................................................................... 23

# ВОВЕД

## 1. ПОИМОТ КОРУПЦИЈА

Корупцијата како криминален и социолошки феномен, како морален и етички проблем со кој се справува речиси секоја држава, се чини не ја заобиколува како појава ниту Република Македонија. Како појава со која секојдневно се соочува секој граѓанин, било да е тоа директно или индиректно, корупцијата со право претставува една од најголемите пречки за демократизација и економски развој на секоја земја и негативно влијае речиси на секој аспект од јавниот живот.

**Корупцијата со право претставува една од најголемите пречки за демократизација и економски развој на секоја земја и негативно влијае речиси на секој аспект од јавниот живот**

„Корупцијата како кривичен акт, не може да се идентификува со организираниот криминал, туку таа дејствува во тесно содејство со него, како преку отворени договори, така и преку меѓусебните придобивки, а особено во организираната заштита на криминалното дејствување. Оваа општествена опасност е и причина што не ретко корупцијата и борбата против неа во светот се третираат истоветно со борбата против организираниот криминал сметајќи го како една од нејзините главни содржини.“[1]

„Корупцијата стана сериозна опасност за општеството која содржи опасност за консолидирање законска и демократска држава. Меѓународниот аспект на организираниот криминал, зголемувањето на недозволената трговија со дрога, оружје, трговија со луѓе, особено со деца и жени заради проституција, перењето пари, условени и испреплетени со корупција, ја зголемуваат неопходноста од двострана и повеќестрана соработка на државите, размена на искуства и информации, соработка помеѓу органите на полицијата и другите државни органи. Се

1 Проф. Др. Љуан Ѓонча, КОРУПЦИЈА, Тирана, 2004, стр. 13

**Корупцијата според природата на работите се појавува и реализира преку власта, независно од која страна започнува иницијативата.**

разбира, сето ова треба да се третира научно прилагодувајќи ја борбата против корупцијата во пракса.“[2] Корупцијата ја минира политичката стабилност во државата, сериозно ја намалува вербата на луѓето во институциите, во политичкиот и во судскиот систем, ги доведува во стагнација економскиот развој на државата,странските инвестиции и интегрирањето на земјата.

„Корупцијата не претставува прост криминал, каде што криминалот и криминалните групи ќе ги избркаме некаде надвор по улиците. Корупцијата според природата на работите се појавува и реализира преку власта, независно од која страна започнува иницијативата, додека високиот тип на корупција според својата етиологија и својата законска тенденција е Veo Ipso И Ipso Facto.“[3]

Според едно недамнешно истражување спроведено од Канцеларијата за борба против дрога и криминал при Обединетите нации (UNODC) и Европската комисија, луѓето во Македонија на корупцијата гледаат како на еден од најголемите проблеми со кои се соочуваме во нашето општество, веднаш по невработеноста и сиромаштијата. Се разбира, во редот на најсериозните проблеми со кои секојдневно се соочува македонскиот граѓанин се вбројуваат уште и проблемот со ниските примања како и проблемот со високите цени на пазарот.

За распространетоста на корупцијата во нашата држава неколкупати се произнесе и Меѓународната кризна група ИЦГ (ICG). Во нејзините извештаи, како најкорумпирани институции во земјата беа потенцирани царината, даночните служби, здравството и администрацијата.

Иако постојат голем број форми и облици во кои се јавува корупцијата како сериозен проблем во општеството, се чини дека како најзастапени и најчести облици на корупција се јавуваат: злоупотреба на службена должност, фалсификување, кражба, злоупотреба на фондови, евазија на даноци, украдени гласови,

2 Проф. Др. Весељ Љатифи, КРИМИНАЛИСТИКА, Приштина, 2004, стр. 182
3 Др. М. Лабовиќ, Македонска ревија за казнено право и криминологија,Скопје,2004, стра. 154

мито, подароци, парични средства, злоупотреба на службени печати и слично.

Најпрецизната дефиниција за терминот корупција ја дава Законот за спречување корупција донесен во 2002 година („Службен весник на РМ.“ бр. 28/2002, 46/2004, 126/2006, 10/2008, 161/2008 и 145/2010) со членот 1-а кој гласи:

> **Корупција – „Искористување на функцијата, јавното овластување или службената должност и положба за остварување каква и да е корист за себе или за неког друг.“**

Со поддршка од сите политички партии во Собранието на РМ, во април 2002 година беше донесен Законот за спречување на корупцијата, а со цел да се спречи или намали овој проблем со кој се соочува државата.

Врз основа на овој закон, истата година во ноември беше формирана Државната комисија за спречување корупција, која ја именува и назначува Собранието на Република Македонија.

Од особена важност е да се напомене и Конвенцијата на Обединетите Нации против корупција од 2003 година, ратификувана од страна на РМ во 2007 година, која има посебно значење за нашата држава, а се однесува на обврската за сите земји членки да формираат специјализирани и независни антикорупциски тела.

**Државната комисија за спречување на корупцијата е основана со Законот за спречување на корупцијата, донесен во април 2002. Конституирана е на 12 ноември 2002 година кога Собранието на РМ ги именуваше нејзините членови.**

## 2. ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ КОРУПЦИЈА (ДКСК)

Државната комисија за спречување на корупцијата во Република Македонија е основана со Законот за спречување на корупцијата, донесен во април 2002 година („Службен весник на РМ“, бр. 28/2002).

ДКСК е конституирана на 12 ноември 2002 година, кога Собранието на Република Македонија ги именува нејзините членови.

**Комисијата е составена од 7 члена кои имаат статус на именувани лица и мандат од четири години. Од 2010 година, членовите на ДКСК функцијата ја вршат професионално и за својата работа одговараат пред Собранието на Република Македонија.**

Согласно членот 1 од Законот за спречување корупција, Државната комисија има широк спектар надлежности, почнувајќи од преземање и примена на мерки и активности за спречување на корупцијата во вршењето на власта, јавните овластувања, службената должност и политиката, мерките и активностите за спречување на судирот на интереси, мерките и активностите за спречување на корупцијата при вршење работи од јавен интерес на правните лица поврзани со остварувањата на јавните овластувања како и мерките и активностите за спречување на корупцијата во трговските друштва.

Државната комисија е формирана како независно и самостојно тело во вршењето на работите определени со закон и има својство на правно лице. Членовите на Комисијата ги именува Собранието на Република Македонија со мандат од 4 години и е составена од 7 члена кои имаат статус на именувани лица,а функцијата од 2010 година, па наваму, ја вршат професионално и за својата работа одговараат пред Собранието на Република Македонија.

Работата на Државната комисија за спречување корупција и општо корупцијата ја опфаќаат неколку закони и тоа:

- Законот за спречување на корупцијата
- Законот за спречување судир на интереси
- Законот за лобирање

Примарна цел и надлежност на Државната комисија за спречување криминал и корупција е да се бори против сите облици на корупција и криминал во државата, а тоа да го прави на независен,транспарентен, непристрасен и професионален начин.

За сите преземени мерки и активности, како и за резултатите кои ги остварува во текот на годината, ДКСК е должна да ја извести јавноста преку своите годишни извештаи, прес- конференции, соопштенија за медиуми, како и преку својата веб стра-

ница. Начинот на информирање на јавноста,се определува во зависност од карактерот на прашањата за кои одлучува Државната комисија.

Клучното прашање на коешто во оваа анализа ќе се обидеме да дадеме одговор е:

?

**Дали Државната комисија за спречување корупција се занимава со крупните прашања поврзани со корупција, или пак, предмет на нејзин интерес и ангажман се минорни и поединечни случаи, кои не се од голем интерес на јавноста?**

За да одговориме на ова прашање, треба да тргнеме од анализа на работењето на ДКСК, но и со детектирање и лоцирање на случаите, кои во перцепцијата на секој просечен Македонец, претставуваат синоним за криминал и корупција од големи размери. Тргнуваме од претпоставката дека таквата појава не би требало да биде незабележана од институцијата,чија примарна задача е токму ефикасната борба против криминалот и корупцијата и спречување.

Од постоењето на ДКСК, па досега, случајот „Бачило“ е еден од ретките примери на ефикасно постапување на ДСКС, чиј епилог доведе до судска разврска, па дури и до сериозни политички импликации по тогашната левичарска влада на СДСМ предводена од премиерот **Владо Бучковски**, која неколку месеци подоцна ги изгуби и изборите.

Во 2006 година излезе на површина скандалот со овчарот **Иснифарис Џемаили** кому му успеало со измама да извлече од државата околу 730.000 евра за наводно гранатирање на неговото бачило за време на конфликтот во 2001 година. Се почна од ревизорскиот извештај на Министерството за одбрана, каде во една од ставките беше наведена исплатата околу наводното гранатирање. ДСКС се заинтересира за овој случај и спроведе детална истрага, која потоа беше предадена на надлежните ор-

**Од постоењето на ДКСК, па досега, случајот „Бачило“ е еден од ретките примери на ефикасно постапување што имаше судска разврска, па дури и сериозни политички импликации по тогашната влада.**

**Првиот состав на ДКСК во тоа време отвори и многу други контроверзни случаи како ОКТА, Фершпед, Порцеланка, продажбата на Македонски телекомуникации, Макпромет, ЗИК - Куманово, Славија, Елбијор, и многу други случаи, за кои многу се зборуваше во јавноста и за кои подолго време се пишуваше во медиумите.**

гани, а пред сè на јавното обвинителство. По речиси една година се разоткри целата криминална шема на Џемаили и неговите соработници (нотари,адвокати,судии..), како и префрлањето на пари на други сметки.

Предметот за случајот „Бачило“ се подели на два дела. Првиот, наречен „Бачило1“, кој се однесуваше на Иснифарис Џемаили-Министерството за одбрана. Вториот, именуван како „Бачило 2“- кој се однесуваше на „Денационализацијата на недвижен имот“.

Овчарот и сите оние кои беа замешани во оваа афера, која подоцна откри и нови афери, завршија во затвор. Случајот доведе и до разрешување судија, којшто учествуваше во првостпеното одлучување, покрена одговорност на второстепени судии пред Републичкиот судски совет (кои не завршија со разрешување од различни причини), а доведоа и до кадровски промени во Јавното правобранителство на Македонија. Сепак, најголем проблем за државата беше како да ги врати парите, откако се утврди дека поголемиот дел од недвижниот имот на најпознатиот овчар во Македонија е ставен под хипотека. Хипотеките беа поништени,а парите од продажбата на неколкуте станови на Џемаили, завршија во државниот буџет.

Првиот состав на Државната комисија за спречување на корупцијата (во состав: Слаѓана Тасева – претседател на комисијата, Вања Михајлова, Драган Малиновски, Сами Асани, Михајло Маневски, Јован Трпеновски и Нервет Хусмани) во тоа време отвори и многу други контроверзни случаи како ОКТА, Фершпед, Порцеланка, продажбата на „Македонски телекомуникации, Макпромет, ЗИК - Куманово, Славија, Елбијор“, и многу други случаи, за кои многу се зборуваше во јавноста и за кои подолго време се пишуваше во медиумите.

Доколку се спореди работата на Државната комисија за спречување на корупцијата, од 2002 година, па сè до денес, разликите се огромни. И покрај тоа што на почетокот, антикоруп-

ционерите беа хонорарни и располагаа со мал буџет, открија голем број афери. Последниот состав на членови на ДКСК, иако е составен од професионалци (вработени) и имаат далеку поголем буџет, ефектите се неспоредливи,бидејќи тие главно се занимаваат со имотните листови, конфликтот на интереси, а имаат и селективен пристап. Се чини,како поинтересно да им е работењето на носителите на функции од редовите на опозицијата во локалната самоуправа, отколку од оние од власта.Финансирањето на политичките партии останува табу-тема, која повеќе се среќава во нивните стратешки планови како обврска за во иднина.

Интересот за работата на Комисијата како да е во опаѓање. Додека до 2010 година, до ДКСК стигнувале од 450 до 1.000 пријави од граѓани, сега тие добиваат едвај по 200, од кои побројни се претставките поднесени околу изборите.

Она што може да се заклучи од сајтот на ДКСК, е дека во текот на 2014 и 2015 година не постапувале по ниту една значајна корупциска или криминална афера. Прегледот покажува дека комисијата се занимавала главно со неколку предмети во кои имало судир на интереси, односно се фокусирала на опоменување десетици функционери дека не можат да вршат по две функции истовремено. Исто така, за судир на интереси антикорупционерите го опомемале и министерот без ресор, **Веле Самак**, чијашто сопруга работеше во компанија – странска инвестиција, која добива финансиска помош од државата. Случајот го „затворија“ на тој начин, што министерот ги извести дека работниот ангажман на неговата сопруга завршил и договорот нема да и биде продолжен. Го потсетија и портпаролот на СДСМ, **Петре Шилегов**, да ги ажурира податоците во анкетниот лист.

Само за илустрација,годишниот извештај на ДКСК за 2014 година е полн со декларативни флоскули, но и пофалби за својата работа, па е регистрирано дека од утврдените 156 активности

**Интересот за работата на Комисијата како да е во опаѓање. Додека до 2010 година, до ДКСК стигнувале од 450 до 1.000 пријави од граѓани годишно, сега тие добиваат едвај по 200, од кои побројни се претставките поднесени околу изборите.**

**Во извештајот на ДКСК ги нема “големите случаи“, кои со месеци ја бранувaa јавноста, а Комисијата самата признава дека ниту еден од случаите што ги иницирала, немаат судска разврска.**

**Во поновата македонска историја, една од најголемите афери кои се поврзуваат со криминал и корупција, а кои предизвикуваат лавина реакции во јавноста е мегаломанскиот и грандиозен проект наречен „Скопје 2014“**

за надминување на 51 проблем, се реализирале околу 80 отсто од плановите. Се наведува и дека во текот на оваа изборна година до ДКСК пристигнале и над 400 нови анкетни листови, така што вкупниот број вакви пријави на имотната состојба на избраните и именуваните лица изнесува 4.000. Во извештајот ги нема “големите случаи“, кои со месеци ја бранувaa јавноста, а ДКСК самата признава дека ниту еден од случаите што ги иницирала, немаат судска разврска.

## 3. НО, ШТО Е СО ГОЛЕМИТЕ АФЕРИ ОД ПОНОВО ВРЕМЕ?

Каков е нивниот третман во ДКСК и дали таа реагира по „допрен глас“ на јавноста или по доставени претставки?

Во поновата македонска историја, една од најголемите афери кои се поврзуваат со криминал и корупција, а кои предизвикуваат лавина реакции во јавноста е, секако, мегаломанскиот и грандиозен проект наречен „Скопје 2014“ на Владата на премиерот Никола Груевски, која во најголем дел се финансира преку Министертвото за култура и Општина Центар. Станува збор за изградба за споменици на историски личности од мермер и бронза, фонтани, скулптури, како и нови згради на институции во централното градско подрачје.

Според податоците на Балканската истражувачка мрежа БИРН, во периодот од 2010 до 2015 година, на Проектот „Скопје 2014“ ангажирани се 32 инвеститори, 126 фирми, 9 леарници, 140 идејни решенија. Од првобитно планираните 40-тина споменици и објекти, градот Скопје доби 130, а сумата предвидена за изградба е повеќекратно зголемена. Првобитната инвестиција на почетокот беше најавена со скромни 80 милиони евра, за Владата и тогашниот градоначалник на Општина Центар **Владимир Тодоровиќ** неколку години подоцна да „признаат“ 207 милиони евра. Обемното и макотрпно истражување на БИРН дојде до пресметки од 560 милиони евра, но ниту таа бројка не

е конечна, бидејќи некои градби сѐ уште не се завршени, а експанзијата на градење продолжи и во 2015 година, а најверојатно ќе се пренесе и во наредната 2016 година.

По смената на власта на локалните избори во 2013 година, новиот градоначалник на Општина Центар, Андреј Жерновски побара ревизија на проектот од страна на експерти. Во наодите на ревизијата беа откриени многу аномалии во тендерската документација, големи остапувања од договореното,како и анекси на речиси секој договор. Во декември 2013 година резултатите беа доставени до скопското јавно обвинитлетво и до ДКСК. Но, и по две години, институциите молчат околу проектот „Скопје 2014“, особено членовите на ДКСК. На новинарски прашања околу овој случај, пак, одговорните од Обвинителството редовно укажуваат дека станува збор „за сложен предмет и на него се работи“.

**Антикорупциската комисија е целосно е обезличена и маргинализирана до ниво на непрепознатливост. Граѓаните во неа не препознаваат никаков авторитет и потенцијал за да се справи со корупциските предизвици.**

Според Драган Малиновски, кој беше член на првиот состав на Комисијата, а учествуваше и во ревизијата на Проектот „Скопје 2014“ направена по барање на градоначалникот на скопската општина Центар, во изминативе години Антикорупциската комисија целосно е обезличена и маргинализирана до ниво на непрепознатливост. Граѓаните во неа не препознаваат никаков авторитет и потенцијал за да се справи со корупциските предизвици.

„Во изминатите години се случија голем број корупциски скандали од големи размери, кои воопшто не беа третирани од страна на ДКСК. Доволно е само да се посочи на злоупотребите кои се случија при реализацијата на проектот „Скопје 2014“, каде буквално се проневерени десетици милиони евра, само во делот на лиењето на спомениците. Тоа беше прецизно документирано во извештајот, кој беше направен по налог на Општина Центар, но ДКСК ги затвори очите пред тие факти. Да не говориме за злоупотребите со изведбата на објектите од овој проект, за кои се потрошени повеќе стотици милиони евра. Само

**Ниту мегааферата со масовното незаконско прислушување што ја објави опозициската СДСМ на почетокот на 2015 година, не беше предизвик за Антикорупциската комисија, макар да отвори и формална истрага.**

кај објектот на „Стариот театар“, од првично планираните 6-7 милиони евра, преку безброј анекс договори, потрошени се 37 милиони евра. Ако овие злоупотреби не го заслужуваат интересот на Антикорупциската комисија, тогаш се губи секаква смисла за натамошно опстојување на ова тело, изјави Малиновски за Центарот за истражувачко новинарство СКУП Македонија.

Ниту мегааферата со масовното незаконско прислушување што ја објави опозициската СДСМ на почетокот на 2015 година, не беше предизвик за Антикорупциската комисија, макар да отвори и формална истрага. Почнувајќи од февруари оваа година, па сè до јуни, беа објавени аудиоснимки од триесетина таканаречени „бомби“, во кои беа пренесени разговори меѓу високи владини претставници, во кои се споменуваат разни облици на корупција и криминал со телефонски разговори за местење судии, изборни манипулации, криминални тендери, купопродажба на плацови, договарање за провизии...

Во ниеден момент од ниеден „актер” од аудиоматеријалите не беше негирана или демантирана автентичноста на снимките и содржината која е на самите нив, меѓутоа се чини дека ниту тоа не беше предизвик за Антикорупциската комисија посериозно и поконкретно да се зафати со овој огромен корупциски скандал.

Во април беше избран нов состав на ДКСК, а веднаш по изборот при своето прво појавување претседателот на ова тело, **Горан Миленков**, најпрво ќе изјави дека „нема личен став околу ова прашање, но ќе разговараат на првата седница“. На прес-конференцијата одржана на почетокот на јули оваа година, Миленков ќе излезе со дециден став содржан во една реченица: „Нема да коментираме случаи, што се во судска постапка“. По инсистирање на новинарите за дополнително појаснување, претседателот на ДКСК и неговите колеги, ја напуштија салата без одговор.

Непостапувањето на членовите на ДКСК во двата крупни случаи фрла голема сенка, но и сериозен сомнеж во работата на институцијата којашто е задолжена да се занимава токму со ваков вид предмети. Уште повеќе што во вториот случај (со незаконското прислушување), обвинителствата во земјава отворија 36 предмети, кои требаше да ги проверат наводите во содржината на „бомбите“. Селективниот пристап и бавното постапување по истите беа причина и за формирање на Специјалното обвинителство за гонење кривични дела поврзани и кои произлегуваат од содржината на незаконското следење на комуникациите, а кое произлезе како резултат на постигнатиот политички договор во Пржино меѓу четирите политички партии и претставниците на САД и на ЕУ.

За тоа колку ефикасно работи и како работи Комисијата за спречување корупција и криминал, свое мислење и стручен коментар дава и Европската комисија преку извештаите за напредокот на Македонија на патот кон ЕУ, каде во делот за корупција редовно се подвлекува дека државата има сериозни и големи проблеми во оваа област.

Европската комисија отворено во своите извештаи и препораки, ја критикува државата и јасно укажува на сите слабости, кога е во прашање антикорупциската политика во Македонија.

Во последниот извештај за 2015 година во посебен дел се подвлекува дека „борбата против корупцијата тапка во место“.

Државната комисија за спречување корупција реагираше и го оспори извештајот на Европската комисија за прогресот на Македонија, нарекувајќи го истиот „пристрастен и нереален“. Антикорупционерите испратиле реакција со објаснување до амбасадорот на ЕУ, Аиво Орав, дека делот од извештајот кој се однесува на работата на Комисијата, не е во целост објективен и не ја покажал нејзината вистинска работа.

**Европската комисија отворено во своите извештаи и препораки, ја критикува државата и јасно укажува на сите слабости, кога е во прашање антикорупциската политика во Македонија.**

**Во извештајот на ЕК од 2014 година беше констатирано дека правната легислатива ги задоволува европските стандарди и прописи, но останува непроменет впечатокот дека всушност нејзината имплементација е неконкретна, некомплетна и недоследна.**

**Независноста на судството останува нерешлив проблем и предмет на сериозна загриженост во борбата против корупцијата, особено и поради слабиот капацитет на судството да се справи со почувствителните случаи на високо ниво.**

Што ги предизвика на таква реакција антикорупционерите и што всушност беа главните забелешки кои се повторуваа од извештај во извештај на Европската комисија?

„Не е постигнат напредок во изминатата година. Корупцијата останува широко распростанета. Не постои политичка волја за справување со корупција. Мешањето во работата на органите ја попречува нивната способност да дејствуваат проактивно и неселективно, особено во случаи на високо ниво. Потребни се ефикасни мерки и спроведување на законот, особено во работата на Државната комисија за спречување на корупцијата", се наведува во најновиот извештај на ЕК за напредокот на земјава.

Во истиот извештај е потенцирано и дека се многу ретки казните за функционерите кои треба да платат 75 отсто данок, доколку не можат да го докажат потеклото на парите за имотот што го поседуваат. Ваков случај не е евидентиран на веб-страницата на ДКСК.

И во извештајот од 2014 година беше констатирано дека правната легислатива ги задоволува европските стандарди и прописи, но останува непроменет впечатокот дека всушност нејзината имплементација е неконкретна, некомплетна и недоследна. Она што е генерален впечаток, а се провлекува од година во година, е дека и натаму тешко се имплементира правната рамка и регулација во конкретни случаи кои се јавуваат секојдневно.

Меѓу другото, се укажува и дека се потребни измени во Законот за финансирање на политичките партии, нивните кампањи и санкционирањето.

На државата и се забележува и за неконзистентната судска практика - три случаи за корупција се поништени од повисоки судски инстанци поради пропусти на пониските судови. Независноста на судството останува нерешлив проблем и предмет

на сериозна загриженост во борбата против корупцијата, особено и поради слабиот капацитет на судството да се справи со почувствителните случаи на високо ниво.

Во извештајот на ЕУ се констатира и дека судирот на интереси во пракса воопшто не се санкционира, или пак, доколку тоа се прави, тоа е во премал број на годишно ниво.

Забелешки се упатуваат и околу тоа што сѐ уште не е пронајден доволно добар и ефикасен механизам со кој би се заштитиле сите оние лица кои ќе се охрабрат да пријават некој случај на корупција, мито, сериозна злоупотреба на професионална должност или пак што ќе пријават очигледен судир на интерес, како во јавниот, така и во приватниот сектор.

Покрај Европската Унија која анализира и дава препораки во оваа област, со оваа проблематика се занимаваат и неколку невладини организации кои укажуваат на многуте слабости во нашиот државен систем.

„Отсуството на истрагата за корупција на високо ниво може да значи дека не постои корупција на високо ниво или дека Комисијата нема храброст или независност да ја истражи“, ќе напише Илина Мангова, во својата студија „Дали антикорупцискиот модел во Македонија носи резултати“.

**Не е пронајден доволно добар и ефикасен механизам со кој би се заштитиле сите лица кои ќе се охрабрат да пријават некој случај на корупција, мито, сериозна злоупотреба на професионална должност или пак што ќе пријават очигледен судир на интерес, како во јавниот, така и во приватниот сектор.**

# ЗАКЛУЧОК

**Дали Комисијата дејствува само во однос на минорни и незначителни процеси, избегнувајќи ги посериозните и покрупни случаи на корупција и криминал.**

Оваа анализа која се однесува на работата на Државната комисија за спречување корупција и криминал има за цел да даде свој осврт и се разбира одговор на главната хипотеза која ја карактеризира анализата а тоа е дали Комисијата за спречување корупција делува професионално во својата работа и ефикасно се справува во борбата против корупција и криминал или пак дејствува само во однос на минорни и незначителни процеси, избегнувајќи ги посериозните и покрупни случаи на корупција и криминал.

Со цел попрецизно и поконкретно да се одговори на тоа прашање, оваа анализа ги разгледа и потенцира клучните термини кои се поврзани со оваа тематика а тоа се корупцијата како неминовно зло и Државната комисија за спречување корупција како државно тело формирано со примарна надлежност борба против корупцијата во Република Македонија.

Се разбира, со цел да се даде поопфатна поткрепа на оваа анализа, се наведоа конкретните надлежности кои ги има комисијата, се направи увид во последните годинешни извештаи како од страна на самата комисија така и од страна на извештаите на Европската комисија со цел да се споредат плановите и целите,дали и колку се остварени и реализирани

Преку анализа на неколку конкретни звучни и познати случаи во контест на случаи поврзани со корупција и криминал во државата, всушност се дава недвосмислен одговор за тоа дали ДСКС претставува сериозно институција и тело кое е одбранбен механизам во безпоштедна борба против ова зло со кое се среќаваме секојдневно, т.е. дали ова тело професионално си ја врши својата работа гонејќи ги сите сторители на коруптивни и кри-

миналнi дела или пак настапува селективно во извршувањето на својата дејност, максимално партизирано, нетранспарентно и неефикасно.

Се чини дека одговорот е јасен и се чита од самата анализа и прикажените факти и истражувања. Сепак во продолжение ќе се обидеме накратко да финализираме и резимираме, давајќи сопствен суд и проценка за работата на Државната Комисија за спречување на корупција и криминал.

Корупцијата во Македонија и натаму останува еден од најсериозните проблеми на државата. И по 25 години од нејзината независност, како и по 13 години од воспоставувањето специјализирано тело, кое треба да се занимава со борбата против корупцијата и криминалот, останува впечатокот дека недостасува искрена политичка волја за справување со ова зло.

Битката против корупцијата е повеќе декларативна, отколку суштинска. На Македонија не и недостигаат закони и регулатива, кои ги следат современите трендови и се ободуваат да ги вградат европските стандарди. Македонија има заокружена и релативно добра правна рамка за борба против корупцијата. Изготвена е и Државната програма за превенција и репресија на корупцијата (2011-2015), која содржи 156 активности за посочување 51 идентификуван проблем.

Меѓутоа, она што недостасува е ефикасна имплементација на законите, како и подобрување на спроведувањето во пракса на антикорупциските политики.

Државната комисија за спречување корупција не ја остварува својата функција, бидејќи сè повеќе се претвора во нем посматрач на општествените случувања и процеси. Нејзината улога е

**Битката против корупцијата е повеќе декларативна, отколку суштинска**

**Она што недостасува е ефикасна имплементација на законите, како и подобрување на спроведувањето во пракса на антикорупциските политики**

**ДКСК не ја остварува својата функција, бидејќи сè повеќе се претвора во нем посматрач на општествените случувања и процеси**

**Потребно е да се зајакнат законските критериуми за избор на членови на ДКСК и да се направи строг избор. Некомпетентноста, недоволната професионалност, како и недостатокот на личен кредибилитет и интегритет, водат кон пасивизирање на членовите, како и до немање мотив за сериозна активност и ангажирање.**

**ДКСК неопходно е да ја зголеми својата транспарентност, како и соработката со јавноста и со невладините организации.**

сè повеќе маргинализирана и тргната настрана, што во голема мера се должи на нејзината неефикасност, нетраспарентност, како и исполитизираност, поради отсуството на реакција, или примената на двојни аршини во постапувањето.

Крајно дискутабилен е и начинот на избор на членови на ДКСК, кој се покажа дека е под силно политичко влијание. Наместо членовите да бидат избрани од редот на професионалци со сериозно минато и експертиза во областа на корупцијата, тие се пополнуваат со анонимни кадри, тотално непознати за пошироката јавност, кои дури се регрутираат од редот на јавната администрација. Во таа смисла, потребно е да се зајакнат законските критериуми за избор на членови на ДКСК, како и да се направи строг избор. Некомпетентноста, недоволната професионалност, како и недостатокот на личен кредибилитет и интегритет, водат кон пасивизирање на членовите, како и до немање мотив за сериозна активност и ангажирање.

За разлика од кај нас, во регионот на удар се функционери од високите ешалони на власта, па дури и актуелни премиери. Во Македонија, пак, „крупните риби“ се недопирливи, а членовите на Комисијата како да немаат храброст да се зафатат со еден таков предизвик, па дури и со проверка на сомневања за криминал и корупција.

Антикорупциското тело мора да ја добие својата вистинска улога како еден од главните државни заштитни механизми за спречување на корупција и криминал. Потребна е поголема соработка и со Обвинителството, кое во голема мерка треба да се потпира и на иницијативите на антикорупционерите, како и на наодите на ревизорите.

Државната комисија за спречување корупција неопходно е да ја зголеми својата транспарентност, како и соработката со јавноста и со невладините организации. На тој начин ќе има подобар увид во нивната работа и во активностите што ги преземаат, но

и ќе се подобри имиџот на оваа институција, на која треба да и се верува. Граѓаните треба на ова тело да гледаат со доверба, за да се охрабрат на поголема соработка и пријавуање на случачи на корупција и криминал, доколку во перцепцијата на граѓаните ова тело не се доживува како „заштитник од корупцијата“.

Во таа смисла, треба да се нагласи и важноста од донесувањето законска рамка за „свиркачи“ или „поткажувувачи“ (whistleblower), која ќе овозможи пријавувањето на криминалот да се прави без последици.

Сосема на крајот, граѓаните мораат да бидат свесни и информирани за способноста на системот да биде отпорен на корупцијата. Ова нема само да ја зајакне довербата во системот туку и ќе ја намали поединечната лична толеранција кон коруптивните дела. Преку редовно информирање, јавноста ќе биде информирана за антикорупциските стандарди и ќе ја зајакне својата способност да се придружува на овие стандарди.

Државната комисија за спречување на корупција и криминал треба да ја информира и да комуницира со јавноста на неделна, дури и на дневна база, преку прес – конференции, јавни дебати, отворени емисии, соопштенија до медиуми за да ја запознаат многу подетално јавноста со нејзината работа и активностите кои ги превзема за контролирање на оние кои управуваат со јавните пари.

**Граѓаните мораат да бидат свесни и информирани за способноста на системот да биде отпорен на корупцијата. Ова ќе ја намали поединечната лична толеранција кон коруптивните дела.**

# ПРОФИЛ НА АВТОРОТ

**Мартин Дувњак** е дипломиран правник на универзитетот св. Кирил и Методиј – Скопје. Во 2015 година, Дувњак магистрираше на катедрата по Деловно Право и се здоби со статус – магистер по деловно право. Својот интерес во истражувањето и анализирањето на тековните процеси и проблеми како и актуелни тематики Дувњак го појави со ангажирањето во невладината организација ЦИВИЛ – Центар за слобода во кој активно членува веќе втора година.

Покрај ангажманот во ЦИВИЛ, Дувњак веќе втора година работи во осигурителната компанија Винер Лајф, во секторот за продажба. Се разбира, фокус на неговиот интерес покрај осигурителните пакети кои ги продава секојдневно и од кои заработува се и сите општествени и економски аспекти од општественото живеење со посебен интерес токму на сите оние појави, настани и дела кои се врзуваат со оваа тематика а тоа е корупција и криминал и начини како да се спречи или барем намали што повеќе истата.

# БИБЛИОГРАФИЈА

Љуан Ѓонча, КОРУПЦИЈА, Тирана, 2004, стр. 13

Весељ Љатифи, КРИМИНАЛИСТИКА, Приштина, 2004, стр. 182

М. Лабовиќ, Македонска ревија за казнено право и криминологија, Скопје, 2004, стр. 154

Commission of the European Communities. Brussels, 2006. The former Yugoslav Republic of Macedonia 2006 Progress Report

Commission of the European Communities. Brussels, 2007. The former Yugoslav Republic of Macedonia 2007 Progress Report

Commission of the European Communities. Brussels, 2008. The former Yugoslav Republic of Macedonia 2008 Progress Report

Commission of the European Communities. Brussels, 2009. The former Yugoslav Republic of Macedonia 2009 Progress Report

Commission of the European Communities. Brussels, 2010. The former Yugoslav Republic of Macedonia 2010 Progress Report

Commission of the European Communities. Brussels, 2011. The former Yugoslav Republic of Macedonia 2011 Progress Report

Commission of the European Communities. Brussels, 2012. The former Yugoslav Republic of Macedonia 2012 Progress Report

Commission of the European Communities. Brussels, 2013. The former Yugoslav Republic of Macedonia 2013 Progress Report

Годишен извештај за работењето на Државната комисија за спречување на корупција во 2007

Годишен извештај за работењето на Државната комисија за спречување на корупција во 2008

Годишен извештај за работењето на Државната комисија за спречување на корупција во 2009

Годишен извештај за работењето на Државната комисија за спречување на корупција во 2010

Годишен извештај за работењето на Државната комисија за спречување на корупција во 2011

Годишен извештај за работењето на Државната комисија за спречување на корупција во 2012

Годишен извештај за работењето на Државната комисија за спречување на корупција во 2013

Закон за спречување на корупцијата („Службен весник на РМ“. бр. 28/02)
Закон за изменување и дополнување на Законот за судовите („Службен весник на РМ“. 35/08)

http://www.makdenes.org/content/article/27106659.html

http://www.transparency.mk/index.php?option=com_content&task=view&id=1043&Itemid=57

http://www.utrinski.mk/default.asp?ItemID=0A0B1DA19E1B9447841C7988735AAB70&commentID=654054&pLikeVote=1

http://www.transparentnost-mk.org.mk/Default.aspx

CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека "Св. Климент Охридски", Скопје

35.072.2:343.352(497.7)»2010/2016»
ДУВЊАК, Мартин
Анализа на работењето на Државната комисија за спречување на корупција [Електронски извор] / [автор Мартин Дувњак]. - Скопје : Македонски центар за меѓународна соработка, 2016

Начин на пристап (URL): http://mcms.mk. - Текст во PDF формат, содржи 25 стр.. - Наслов преземен од екранот. - Опис на изворот на ден 19.02.2016. - Профил на авторот: стр. 22. - Библиографија: стр. 23-24

ISBN 978-608-4681-50-2

а) Државна комисија за спречување корупција - Транспарентност - Македонија - 2010-2016
COBISS.MK-ID 100590858